**Стоматолошка комора на Македонија**

# ДЕЛОВНИК

## За работа на Комисијата за развој на стоматолошкиот здравствен систем

**Скопје 2018 година**

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1403/1
07.11 2018 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 7 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на својата редовна седница одржана на ден 24.10.2018 година донесе:

Арх. знак 0201
Рок на чување
07.11 2018 год
Потпис

# ДЕЛОВНИК

## За работа на Комисијата за развој на стоматолошкиот здравствен систем на Стоматолошката комора на Македонија

### 1. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа на Комисијата за развој на стоматолошкиот здравствен систем (во понатамошниот текст – Комисијата) на Стоматолошката комора на Македонија (во понатамошниот текст СКМ).

**Член 2**

Комисијата ја сочинуваат 9 (девет) члена од кои осум члена се од различна стоматолошка дејност (примарна, секундарна , терцијална) и еден член е еден од замениците на претседателот на СКМ, кој всушност е претседател на оваа Комисија.

Членовите на Комисијата се избираат на седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, а на предлог на претседателот на Комората.

Мандатот на членовите на Комисијата е 4 (четири) години, а во нивната работа учествува и координатор од Извршен одбор на СКМ, без право на глас.

По потреба, Комисијата од составот на своите членови и други членови на Комората како и експерти од одредена област, може да формира работни групи. Работните групи, задачите и активноститре ги извршуваат во соработка со претседателот на Комисијата.

**Член 3**

Конститутивната седница на Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата на која членовите од свои редови бираат заменик на претседателот на Комисијата, по предлог на претседателот на Комисијата, со јавно гласање.

**Член 4**

Редовните седници на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата, а во случај на негова спреченост, азаменикот на претседателот на Комисијата.

**Член 5**

Комисијата работи во согласност со Статутот на Комората и за својата работа е одговорна пред претседателот на СКМ, замениците на претседателот на СКМ, Избршниот одбор како и Собранието на СКМ.
(1) Претседателот на Комисијата поднесува предлог план за активности за секој тримесечен период до Извршниот одбор и до претседателот на Комората.
(2) Претседателот на Комисијата поднесува извештај за работата на Комисијата до Извршниот одбор и до претседателот на Комората и тоа за секој изминат тримесечен период, додека пак на крајот на секоја година од својот мандат поднесува извештај до Собранието на СКМ.

## 2. НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 6**

Комисијата е должна да спроведе евалуација односно процена за досегашниот статус на здравствениот систем во Републиката.

**Член 7**

Комисијата ги има следните надлежности:

- го аналаизира општествено-правниот и социјалниот статус на докторите по стоматологија и на Извршниот одбор на Комората му предлага преземање на соодветни мерки,
- ги анализира условите под кои работат докторите по стоматологија и на Извршниот одбор на Комората му предлага преземање на соодветни мерки,
- се грижи за чување на угледот, достоинството, дигнитетот и општествената положба на стоматолошката професија,
- предлага мерки со кои ќе обезбедува рамноправен статус на сите доктори по стоматологија независно од секторот (државен, приватен или под концесија) во којшто работат, во рамките на лиценците, согласно законските прописи,
- предлага нормативни решенија врзани за вршењето на примарната стоматолошка здравствена заштита,
- предлага нормативни решенија врзани за вршење на специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита,

- предлага нормативни решенија врзани за закупот и концесијата на стоматолошките ординации
- покренува иницијатива за утврдување на минимална цена на трудот на докторите по стоматологија и истите ги предлага до Извршниот одбор на СКМ
- ги анализира појавите на нелегално извршување на стоматолошка дејност и предлага преземање на мерки од страна на надлежниот орган на Комората,
- завзема ставови и предлага решенија и за други работи што се од интерес на докторите на стоматологија,
- го следи развојот на здравствениот систем,
- предлага насоки и дава можни решенија за натамошен развој на здравствениот систем во Републиката со цел унапредување на состојбата на докторите и на пациентите,
- ги следи и проучува искуствата на здравствените системи во соседните држави во Европа и светот,
- врши и други работи определени со Статутот и други акти на Стоматолошката комора на Македонија, или оние кои што ќе му ги довери Собранието на СКМ.

**Член 8**

Комисијата е должна да се залага и спроведува активна политика за промоција на оралното здравје.
Приоритетот и припаѓа на превентивата и менаџментот кои се вградени во легислативата. Во нив се вклучени:
- политика за правилен начин на исхрана, која ќе го контролира прозводството на шеќерите, контрола за квалитетот на храната и ќе се залага за поддршка пораст и дистрибуција на традиционална храна,
- политика за користење на пати за заби со флуор или флуоризација на водата или солта,
- заеднички пристап (лекар и пациент) за подобрување на хигиената на телото и на устата,
- политика за отстранување на лошите навики како ризик фактор за оралното здравје (намалување на пушењето)
- политика за спречување на несреќи кои доведуваат до повреда на забите и на вилиците,
- национална стоматолошка политика, која ќе ги поттикне стоматолозите за изработка на здрвствени едукативни програми наменети на децата и родилките,
- соодветна стоматолошка грижа, за сите групи на населението, вклучувајќи ги болните од хепатит и сида.

**Член 9**

Комисијата за развој на стоматолошкиот здравствен систем е должна да иницира создавање превентивни програми во кои ќе биде апстрофирано поддржувачко

окружување, со цел да се промовира задоволителен статус на оралното здравје. Едукативните програми и проекти треба да се насочат кон:
- начинот на исхрана на населението како и политиката за намалување на шеќери (рафинирани) и нивно внесување под 10% од севкупниот број на калории. Акцентот треба да биде насочен кон водичите за начинот на исхрана и составот на училишните оброци на учениците,
- консултирање со менаџерите на големите супермаркети за снабдување со широк спектар на производи кои не содржат шеќер.
- соодветно етикетирање и декларирање на производите особено на оние кои содржат шеќер, како и соработка со оние кои се одговорни за превенција на дијабетот и коронарни заболувања,
- да се инсисистира продавниците кои се наоѓаат во близина на училиштата да ја промовираат продажбата на производи кои се без шеќер,
- периодично прибирање на примероци од водата за пиење и анализирање со цел да се отстранат трагите од контаминација и евентуално откривање на појава на природен флуор,
- поттикнување на доење,
- учество во програмите на заедницата, насочени за подобрување на животот на жените, малите деца и адолесцентите,
- следење на сите комерцијално спонзорирани материјали во училиштата поврзани со квалитетот и начинот на исхраната,
- снабдување со минимален број на информации за превенција на болестите на устата (во врска со начинот на исхрана, флуорот, плакот и дентална нега) и вештините кои се потребни за одржување на оралното здравје,
- идентификација на дезинформациите кои се резултат на комерцијални интереси-рекламите,
- воспоставување на група за промоција на оралното здравје за изработка на акционен план кој ќе се потпира врз зацртаните цели и стратегии.

**Член 10**

Комисијата е должна да ја иницира и поткрепува политиката за јакнење и соработка со социјалните заедници, а истата се остварува преку:
- здружување со социјалните работници во мрежи и коалиции со цел решавање на социјалните проблеми кои се од заеднички интерес,
- организирање стоматолошки комитет за планирање, составен од соодветни членови кој ќе донесува значајни стоматолошки одлуки во интерес на оралното здравје.

Член 11

Комисијата е должна да покрене иницијатива за реориентација и преорганизација на стоматолошките служби со двојна цел односно со согледување на

емоционалната, социјалната и културната состојба на населението и решавање на професионалните недостатоци и потреби, а тоа подразбира:
- стоматолошките служби да бидат достапни за хендикепираните лица,
- истражување на јавното мислење во врска со досегашната здравствена активност согледувајќи ги потребите во иднина,
- фокусирање на превенцијата и подготвување на други членови од заедницата да станат неформални учители за орално здравје,
- соработка со други здравствени работници и други членови од општеството, во фукнција на промовирање и развивање на превентивните програми.

## 3. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 12**

Комисијата работи на редовно работни седници, а истите можат да бидат свикани и по потреба т.е. по итна постапка.

**Член 13**

Седниците на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата по сопствена иницијатива, по барање на Претседателот на Комората, Извршниот одбор на Комората како и врз основа на заклучок на Собранието на Комората.
Седницата може да биде свикана и од страна на најмалку 5 (пет) члена од Комсијата, со писмен предлог до претседателот, кој е должен во рок од 5 (пет) дена од поднесување на предлогот, да ја свика седницата, во спротивно предлагачите сами ја свикуваат.

**Член 14**

Седниците се закажуваат најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржување на седницата, а покана, со предлог дневен ред и материјалите за седницата се упатуваат до секој член на Комисијата, а по потреба и на надворешни лица (поканети експерти, консултанти, гости, членови од други Комисии, одбори) по пат на електронска пошта најмалку 3 (три) дена пред одржување на седницата.
Во случај на итност, седницата може да биде свикана телефонски.

**Член 15**

Со седницата на Комисијата, раководи претседателот на Комисијата или неговиот заменик во случај на негово отсуство.
Донесените акти или одлуки ги потпишува Претседателот на Комисијата или во неговиот заменик доколку тој е отсутен, и истите се полноважни ако истите се

донесени на седница на која присуствувале најмалку (3) три члена, вклучувајчи го Претседателот на комисијата или неговиот заменик.
Пред почетокот на самата седница, се бележат записнички имињата на присутните и имињата на отсутните членови, со забелешка дале е најавено или оправдано отсуството.

**Член 16**

Откако седницата ќе се отвори и ќе се објави предлог дневниот ред, секој од присутните членови има право да предложи измени и дополнувања на дневниот ред.
По една точка од дневниот ред, секој член на Комисијата има право да дискутира најмногу 10 (десет) минути.
По предлог дневниот ред се гласа и истиот е усвоен ако гласаат мнозинството од присутните членови, по што се објавува и предлага за усвојување целокупниот дневен ред.

**Член 17**

Комисијата при остварување на своите должности и задачи може да вклучи и експерти и консултанти од поедини области како повремени надворешни членови од потреба од привремено траење без право на одлучување.

**Член 18**

Работата на Комисијата е јавна за сите органи и членови на СКМ, освен кога членовите на Комисијата ќе одлучат поинаку.

## 4. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА

**Член 19**

Членовите на Комисијата имаат право и обврска да присуствуваат на седниците. Во случај на спреченост на некој од членовите, истиот е должен да го извести претседателот на Комисијата за тоа со образложение за причините за неговото отсуство.

**Член 20**

Членовите на Комисијата се должни да го почитуваат Статутот на Стоматолошката комора на Македонија како и одредбите од овој Деловник, без разлика дали гласале за или против определена одлука.

**Член 21**

Членовите на Комисијата имаат право да поднесат оставка. Оставката се поднесува во писмена форма, до претседателот на Комисијата како и до претседателот на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија со образложение за причините за поднесената оставка.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

За се што не е регулирано со овој Деловник, важат одредбите од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 23**

Овој Деловник стапува на сила од денот на неговото изгласување во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 24**

Измените и дополнувања на овој Деловник, се вршат на начин и постапка утврдени со негово донесување.

**Скопје 24.10.2018 година**

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Маријан Денковски**

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**